# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 65 став 6 и став 8 од Законот за животна средина (Сл.весник на Р.М. бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10 и бр.51/11), Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

## О Д Л У К А

**за неспроведување на стратегиска оцена за Урбанистички план за село за н.м.Илинден, Марино и дел од КО Кадино – измена и дополна – место викано Јака**

**1.** За планскиот документ Урбанистички план за село за н.м.Илинден, Марино и дел од КО Кадино – измена и дополна – место викано Јака, кој се носи согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Илинден www.ilinden.gov.mk.

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за село за н.м.Илинден, Марино и дел од КО Кадино – измена и дополна – место викано Јака, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

- Планскиот документ претставува измена и дополна на постоен плански документ со предвидување на содржини од групата на класи на намена А – домување и тоа основна класа на намена А1 домување во станбени куќи кои нема да имаат значително влијание на животната средина,
- Опфатот на користење нема значајни влијанија врз животната средина и врз здравјето на луѓето и
- Не се предвидуваат објекти за кои е потребна постапка за оцена на влијанието врз животната средина, потенцијалните влијанија од клучната одлука на овој плански документ за објекти за кои е потребно изработка на Елаборат за заштита на животната средина, мерки за заштита ќе се предвидат во истите.

**4.** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на веб страната на Општина Илинден.

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски**

**Арх.број 10-338/1**
**Датум на донесување**
**16.02.2012 год.**